Македонски центар за меѓународна соработка во рамки на програмата Граѓански ресурсен центар, финансирана од Европската Унија, објавува отворен повик за учество на следните три обуки:

- **Обука за мобилизирање на ресурси**, 7-8 февруари 2019, Скопје
- **Обука за транспарентност и отчетност на граѓанските организации**, 11-12 февруари 2019, Скопје
- **Обука за тематско вмрежување, партнерства, коалиции**, 27-28 февруари 2019, Скопје




**На обуката за мобилизирање на ресурси откријте како вашата организација може да расте и да стане финансиски одржлива преку стратешко планирање на ресурсите и зголемена разноликост на донаторите.** Учесниците ќе стекнат основни вештини и знаења за концептите на одржливост и мобилизација на ресурси, за идентификација на донаторите, за стратешки пристап кон обезбедувањето ресурси, како и за одржување на успешни релации со донаторите. Преку практични вежби, учесниците ќе учат за мапирање на изворите на финансирање, планирање на предлог проект, одредување

индикатори на успех, комуникација со донатор, итн.

**Обуката за транспарентност и отчетност на граѓанските организации ќе ви помогне во вашата организација да ги примените најдобрите практики за отвореност и транспарентност во сите активности и процеси на носење одлуки.** Учесниците ќе го зголемат нивното знаење и вештини за воспоставување механизми за отчетно и транспарентно раководење и известување, за улогата на различните чинители и нивното консултирање и вклучување во работата, за различните пристапи за зајакнување на имиџот, кредибилитетот и легитимитетот на организацијата, како и за процесите на донесување одлуки во организацијата.

**Обуката за тематско вмрежување, партнерства, коалиции им служи на граѓанските организации кои преземаат здружени акции и функционираат со заеднички приоритети.** Учесниците ќе стекнат основни знаења; за комуникација и координација во мрежата и воспоставување тела за координација и управување; како и воспоставување на заеднички приоритети, цели и дејствување. Покрај тоа, ќе стекнат вештини за мерење на резултатите од работата во мрежа; како и основни вештини за градење, развивање и одржување различни нивоа на соработка со други организации и ентитети. На обуката учесниците преку практични вежби ќе учат за институциограм на мрежа, матрица на соработка во мрежа итн.

Заинтересираните треба да ја пополнат соодветната пријава најдоцна до 1 февруари 2019 год. Пријавите се пополнуваат онлајн и се достапни на:

- Пријава за обука за **мобилизирање на ресурси **
- Пријава за обука за **транспарентност и отчетност на граѓанските организации**
- Пријава за обука за **тематско вмрежување, партнерства, коалиции**

Овие обуки се дел од Програмата за градење капацитети на граѓанските организации во рамки на Граѓанскиот ресурсен центар. Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи, АДИ од Гостивар и Медиа плус од Штип.